**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

---

ПРЕДЛОГ НА
ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ  НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕБНИЦИ ЗА ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, февруари 2010 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ

Со Законот за учебници за основно и средно образование („Службен весник на Република Македонија” број 98/08 и 99/09) системски се уредува подготовката, изработката и одобрувањето на учебниците како основно наставно средство во основното и средното образование.

Со Законот за учебници за основно и средно образование се создадоа нормативно-правни претпоставки за посеопфатна имплементација на задолжителното образование преку обезбедување на бесплатни учебници за секој ученик во основното и средното образование, што е една од мерките за обезбедување достапност на образованието за сите под еднакви услови.

Во рамките на доследното применување на концептот за задолжително основно и средно образование, неопходно е негово натамошно развивање и подобрување со применување на европските стандарди и критериуми, што ќе овозможи обезбедување на квалитетни и современи учебници.

Со започнувањето на примената на Законот за учебници за основно и средно образование во практиката се покажаа дека учебниците во кои има содржини кои ученикот ги пополнува со пишување, боење или пак одредени страни од учебникот ги пополнува со сечење и лепење, не треба да се вратат во основното, односно средното училиште, бидејќи истите нема да можат да се користат од идните генерации на ученици.

Имајќи ја предвид ваквата состојба, потребно е да се изврши изменување на Законот за учебници за основно и средно образование во делот на враќањето на учебниците од учениците во основното и средното образование.

Оттука, се цени дека е потребна измена на постојните одредби на Законот за за учебници за основно и средно образование.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основна цел на предложеното изменување и дополнување на Законот за учебници за основно и средно образование е нормирање на одредени ситуации од праксата кои со започнувањето на примената на законот се покажа дека се правно нерегулирани или дека се недоволно прецизно регулирани.

Предлог -законот за измена на Законот за учебници за основно и средно образование се заснова на следните начела:

- обезбедување квалитет во остварувањето на основното и средното образование;

- обезбедување на еднаков пристап за сите ученици во основното и средното образование;

- економичност и ефикасност во обезбедувањето на учебниците за основно и средно образование;

Предложената измена ги содржи следните решенија:

- учебниците во кои има содржини кои ученикот ги пополнува со пишување, боење или пак одредени страни од учебникот ги пополнува со сечење и лепење, не треба да се вратат во основното, односно средното училиште.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Овој закон предизвикува финансиски имликации во висина од 90 милиони денари за 2010 година, 95 милиони денари за 2011 година и 95 милиони денари за 2012 година.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Овој закон не предизвикува материјални обврски за одделни субјекти.

Средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

ПРЕДЛОГ НА
ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕБНИЦИ ЗА ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Законот за учебници за основно и средно образование („Службен весник на Република Македонија“ број 98/08 и 99/09), во член 25 во ставот 1 зборовите „учебните помагала (работни тетратка, вежбанки и слично)“ се заменуваат со зборовите „учебниците во кои има содржини кои ученикот ги пополнува со пишување, боење или пак одредени страни од учебникот ги пополнува со сечење и лепење “.

Во ставот 2 зборовите „учебните помагала (работни тетратка, вежбанки и слично)“ се заменуваат со зборовите „учебниците во кои има содржини кои ученикот ги пополнува со пишување, боење или пак одредени страни од учебникот ги пополнува со сечење и лепење “.

.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕБНИЦИ ЗА ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

I. Објаснување на содржината на одредбите на Предлог на Законот за изменување на Законот за учебници за основно и средно образование.

Со член 1 од Предлог на Законот за изменување на Законот за учебници за основно и средно образование се пропишува дека учебниците во кои има содржини кои ученикот ги пополнува со пишување, боење или пак одредени страни од учебникот ги пополнува со сечење и лепење не треба да се вратат во основното, односно средното училиште, бидејќи истите нема да можат да се користат од идните генерации на ученици. Со членот 2 се пропишува влегувањето во сила на овој закон.

II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со оглед на тоа што со измената на Законот за учебници за основно и средно образование се врши измена на членот 25, решенијата содржани во одредбите се меѓусебно поврзани и чинат една правна целина.

III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со измената на Законот за учебници за основно и средно образование ќе се созде прецизна нормативно-правна основа за враќањето на бесплатните учебници како основно наставно средство во основното и средното образование.

ОДРЕДБА ОД ЗАКОНОТ ЗА УЧЕБНИЦИ ЗА ОСНОВНО
И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ КОЈА СЕ ИЗМЕНУВА

Член 25

(1) Ученикот по завршувањето на наставната година е должен да го врати на училиштето комплетот на учебници неоштетен, освен учебните помагала (работните тетратки, вежбанки и слично).
(2)Учениците кои се упатени на поправен испит, го враќаат комплетот учебници по завршувањето на учебната година, освен учебните помагала (работните тетратки, вежбанки и слично).
(3) Ако ученикот не го врати комлетот на учебници или го врати оштетен, родителот, односно старателот на ученикот ја надоместува вредноста на комплетот на учебници, односно учебникот, со плаќање на 70% од каталошката вредност на учебникот.
(4) Секое училиште е должно да формира фонд на учебници.
(5 )Одговорен за фондот на учебниците во училиштето е директорот на училиштето.
(6) Одговорни во училиштето за прием, складирање, доделувањето и враќање на комплетите на учебници се директорот на училиштето, одделенскиот раководител, односно класниот раководител, наставниците и библиотекарите.
(7) Начинот на прием, складирање, доделување и враќање на комплетите на учебници го пропишува министерот.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

## ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
## НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Име на материјалот:** Предлог на Закон за изменување на Законот за учебници во основно и средно образование

**Усогласеност со Програмата на Владата:** Да

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:** Да

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:** Првата наредна седница

**Доверливост на материјалот:** Материјалот не е од доверлив карактер

**Итност на материјалот :** итен

**Прилог:** 80 примероци од Предлогот

| | |
|---|---|
| **Дата на доставување на материјалот: .01.2010** | **Министер,<br>Никола Тодоров** |

**Изготвил Милка Масникоса**

**Контролирал Стојанчо Стојковски**

**Одобрил Државен секретар Елизабета Тодоровска**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

# *М Е М О Р А Н Д У М*

**ПРЕДЛОГ НА**
**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕБНИЦИ ВО ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**ПОТПИС:** ______________________________

Скопје, февруари 2010 година

**1.Осврт по материјалот:**

Со Законот за учебници за основно и средно образование ("Службен весник на Република Македонија" број 98/08 и 99/09) системски се уредува подготовката, изработката и одобрувањето на учебниците како основно наставно средство во основното и средното образование.

Со Законот за учебници за основно и средно образование се создадоа нормативно-правни претпоставки за посеопфатна имплементација на задолжителното образование преку обезбедување на бесплатни учебници за секој ученик во основното и средното образование, што е една од мерките за обезбедување достапност на образованието за сите под еднакви услови.

Во рамките на доследното применување на концептот за задолжително основно и средно образование, неопходно е негово натамошно развивање и подобрување со применување на европските стандарди и критериуми, што ќе овозможи обезбедување на квалитетни и современи учебници.

Оттука, една од главните задачи на Министерството за образование и наука е да обезбеди прецизни, транспарентни и јасни процедури за враќење на учебниците од страна на учениците.

**2.Разгледани можни решенија ( за-против аргументи):**

Со започнувањето на примената на Законот за учебници за основно и средно образование во практиката се покажаа дека учебниците во кои има содржини кои ученикот ги пополнува со пишување, боење или пак одредени страни од учебникот ги пополнува со сечење и лепење, не треба да се вратат во основното, односно средното училиште, бидејќи истите нема да можат да се користат од идните генерации на ученици.

Имајќи ја предвид ваквата состојба, потребно е да се изврши изменување на Законот за учебници за основно и средно образование во делот на враќањето на учебниците од учениците во основното и средното образование.

Оттука, се цени дека е потребна измена на постојните одредби на Законот за за учебници за основно и средно образование.

**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:**

Министерство за финансии

Секретаријатот за законодавство

.

**4. Решение кое се препорачува (со образложение):**

Предложената измена ги содржи следните решенија:

-учебниците за прво, второ, трето и четврто одделение ученикот не ги враќа во основното училиште.

**5. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:**

Овој закон предизвикува финансиски имликации во висина од 90 милиони денари за 2010 година, 95 милиони денари за 2011 година и 95 милиони денари за 2012 година.

**6. Очекувани влијанија:**

Со измената и дополнувањето на Законот за учебници за основно и средно образование ќе се создде прецизна нормативно-правна основа за враќањето на бесплатните учебниците како основно наставно средство во основното образование.

.

**7. Усогласеност со европското законодавство (кои директиви на ЕУ се транспонираат во нашето законодавство):**

**8.Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:**

**9. Клучни елементи за информирање на јавноста:**

Со започнувањето на примената на Законот за учебници за основно и средно образование во практиката се покажаа дека учебниците во кои има содржини кои ученикот ги пополнува со пишување, боење или пак одредени страни од учебникот ги пополнува со сечење и лепење, не треба да се вратат во основното, односно средното училиште, бидејќи истите нема да можат да се користат од идните генерации на ученици.

Имајќи ја предвид ваквата состојба, потребно е да се изврши изменување на Законот за учебници за основно и средно образование во делот на враќањето на учебниците од учениците во основното и средното образование.

Оттука, се цени дека е потребна измена на постојните одредби на Законот за за учебници за основно и средно образование.